Инг. 0801-41

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Инв. Бр. 2/1

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *П Е Д А Г О Г И Ј А*

**за III година**

**изборно подрачје:** ***јазично - уметничко***
***општествено - хуманистичко***

**Скопје, 2003 година**

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 11-4029/1 од 03.07.2003 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** педагогија

**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско

**1.3. Година на изучување на наставниот предмет**

1.2.1. трета година

**1.4. Број на часови на наставниот предмет**

1. 3. 1. Број на часови неделно: 2 часа
1. 3. 2. Број на часови годишно: 72 часа

**1.5. Статус на наставниот предмет**

1.4.1. изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Изучувањето на оваа програма на учениците ќе им овозможи:

- да го објаснат значењето на воспитанието и образованието како дејност;
- да ја објаснат позицијата и местото на образованието како општествен и историски феномен;
- да ја идентификуваат педагогијата во системот на општествени науки;
- да ја воочат поврзаноста и меѓузависноста на предметот на проучување на педагогијата и другите општествени науки;
- да ги идентификуваат и осознаат личните придобивки од вклученоста во системот на воспитание и образование;
- да умеат и знаат да ја објаснат сопствената улога и позиција во системот и процесот на образование и воспитание;
- да ја применат и целисходно да ја користат педагошката терминологија;
- да ги развиваат лични особини кои се неопходни за нивниот иден професионален развој;
- да развијат вештини и способности за соработка и тимска работа со своите врсници и со возрасните;
- да развиваат особини на разбирање, толеранција, прифаќање и почитување на разликите меѓу луѓето;
- да развиваат комуникациски вештини во средината во која дејствуваат и ги презентираат сопствените вредности;
- да ги разберат сопствените потреби и потребите на возрасните (родители и наставници), нивните намери и интереси;
- да ја разбираат родителската грижа и самите се чувствуваат подготвени за родителска улога и одговорност;
- да градат свест за сопствената одговорност во семејството и училиштето;
- да прифаќаат одговорност и грижа за помладите членови во сопственото семејство;
- да ги користат усвоените знаења и вештини во нивниот секојдневен живот

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на програмските содржини и постигнувања на целите во рамките на овој предмет, потребни се предзнаења од следниве наставни предмети: социологија и историја

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

## 4.1. Структуирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. Општеството и воспитанието**<br>- Воспитанието како последица и потреба на општествениот развој;<br><br>- Воспитанието како свесна, целесообраз-на и организирана општествена дејност; | 10 | Ученикот:<br>- да ја објаснува условеноста и взаемната поврзаност на општествениот развој и потребата од воспитанието;<br>- да ги препознава и опишува обележјата на воспитанието во современиот живот;<br>- да ги осознава и објаснува придобивките на човековата цивилизација и да ја сфаќа улогата на воспитанието во историскиот развој;<br>- да поседува позитивен однос кон воспитанието што го стекнува и кон воспитанието воопшто. | - Поттикнува дискусија за вредностите и личните придобивки од воспитно-образовниот процес;<br>- ја објаснува сложеноста на односите: општество-воспитание;<br>- презентира фотографии на достигања од науката кои се доказ на пренесувањето на научните сознанија по пат на воспитанието и образованието;<br>- организира групна работа со диференцирани модели на работа на тема: Што знаев? Што научив? Што сакам да научам?<br>- Развива интерес и афинитет кон просветната струка. | - Претходни знаења од филозофија, социологија и историја;<br>- лични искуства на учениците од училишниот живот |
| - Општествено-историската условеност на воспитанието | | - Да ги сфаќа обележјата на историскиот развој на општеството и потребите од образованието и организира-ното воспитание; | - Ја објаснува организацијата на општествените заедници, животот и потребите на луѓето за образование и воспитание; | - Античка и средновековна филозофија, социологија, историја; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Воспитанието во родовската општество<br>- Воспитанието во феудалното општество<br>- Воспитанието во граѓанското општество<br>- Воспитанието и образованието во РМ | | - да ја разбира историската генеза во развојот на воспитната дејност;<br>- да ги воочува разликите во воспитанието во различни историски услови;<br>- да ги распознава класниот карактер на воспитанието во различни етапи од општестве-ниот и историскиот развој;<br>- да ги воочува и анализира карактеристиките на воспита-нието во современото општество;<br>- да ги воочува демократските обележја на воспитанието и неговата хуманистичка мисија во современиот свет;<br>- да ги анализира карактеристи-ките на воспитниот систем во РМ;<br>- да ја анализира сопствената улога и улогата и позицијата на наставниот кадар во совреме-ното македонско училиште;<br>- да развива одговорност кон сопствените обврски во училиштето и надвор од него. | - користи и демонстрира извори во кои се претставени образовните достигнувања и успеси на познати филозофи, научници и познати луѓе од минатото;<br>- презентира биографии на познати личности од минатото кои постигнале личен и професионален успех благодарение на својот труд и стекнато образование;<br>- организира класна работилница на тема: што (не)би променил(а) во нашето образование;<br>- иницира изработка на есеј на тема: Што очекувам од моето идно образование или сл. | - искуства од училишниот живот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. Педагогијата и основните педагошки поими**<br>- Каква наука е педагогијата? | **15** | - Да умее да ги воочи разликите меѓу различните научни дисциплини;<br>- да знае да го опише и објасни предметот на проучување на педагогијата и другите сродни науки;<br>- да умее да ја објасни поврзаноста на педагогијата со дејноста на познатите филозофи, социолози и психолози. | - го објаснува местото на педагогијата во системот на општествените науки;<br>- елаборира дел од основните педагошки идеи на клучните педагози;<br>- презентира фрагменти од познати педагози и ја објаснува поврзаноста на прогресивните идеи со денешната образовна практика | - Филозофија, социологија, историја |
| - Педагогијата и другите науки<br>- Филозофија и педагогија<br>- Психологија и педагогија<br>- Социологија и педагогија<br>- Кибернетика и педагогија | | - да го воочува јасно предметот на проучување на другите науки;<br>- да прави споредба и воочува сличности и разлики меѓу одредени педагошки поими;<br>- да препознава педагошки идеи во учењата на познати филозофи, психолози и социолози;<br>- да умее да ги воочи прогресивните педагошки идеи;<br>- да умее да актуелизира некои идеи и ги препознава во современата воспитно-образовна практика;<br>- да знае да анализира и критички да елаборира педагошки идеи и практика ; | - Го објаснува предметот на проучување на педагогијата;<br>- ја анализира и презентира поврзаноста на педагогијата и одделни поими со другите науки;<br>- воочува и презентира примери на посредна и непосредна меѓузависност на педагогијата и секоја наука поодделно;<br>- иницира изработка на споредбена анализа на идеи на педагози современици;<br>- иницира анализа и презентација на дело од познат педагог;<br>- бара користење на педагошки речник; | - Филозофија, социологија, историја |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да умее да направи споредба меѓу идеи на различни педагози и да ги објасни причините за нив;<br>- да знае да ја објасни врската на одредени педагошки идеи и потребите на времето во кои живееле нивните творци;<br>- да го сфаќа интердисциплинарниот карактер на педагогијата како наука и нејзината поврзаност со другите општествени науки. | - живо и пластично раскажува детали од животот и работата на познати педагози | |
| - Системот на педагошки дисциплини | | - Да ја сфаќа комплексноста на воспитната дејност и потребата од детално проучување на различните аспекти на воспитанието;<br>- да ја разбира специфичноста на воспитанието и потребите на човекот за воспитание и образование во различни етапи од неговиот развој и возраст;<br>- да умее да ги објасни карактеристиките на воспитната дејност во различни услови и околности;<br>- да прави разлики меѓу одделните педагошки дисциплини и умее да го објасни предметот на нивното проучување како посебен аспект на воспитанието; | - Го објаснува предметот на проучување на секоја педагошка дисциплина;<br>- илустрира примери од училишниот живот и работа во кои се препознава практичната примена на некоја педагошка дисциплина;<br>- ја опишува структурата и компонентите на сопствениот професионален педагошки развој и образование;<br>- ги насочува учениците на воочување и забележување на стилот на работа во училиштето и класот;<br>- го потенцира значењето на ученикот како личност во севкупната дејност на училиштето. | - Филозофија, социологија, историја |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја сфаќа меѓусебната поврзаност и меѓузависност на различните педагошки дисциплини;<br>- во секојдневниот училишен живот да препознава елементи од предметот на проучување на некоја педагошка дисциплина. | | |
| - Основни педагошки поими | | - Да ги препознава и именува основните педагошки поими;<br>- да прави разлика меѓу поимите и да умее да ја објасни со примери од секојдневниот училишен живот;<br>- да знае да ја објасни содржината на секој педагошки поим;<br>- да се изразува прецизнои користи педагошка терминологија;<br>- да користи поими и синтагми како доказ на воочување на нивната ширина и опфат. | - Го објаснува секој посебен поим;<br>- користи шеми и дијаграми за полесно сфаќање на нивниот опфат;<br>- ја презентира дејноста на училиштето од аспект на содржината на основните педагошки поими;<br>- ги објаснува поимите и од аспект на лаичките сфаќања;<br>- бара користење на педагошки речник со анализа на поимите. | - Филозофија;<br>- претходни тематски целини од педагогија;<br>- лични искуства и согледувања на учениците |
| **3. Фактори на развитокот на личноста** | 12 | | | |
| - Наследни фактори<br>- Социјални фактори<br>- Педагошки последици | | - Да умее да ја објасни историската генеза и причините за преценувањето на наследните и социјалните фактори; | - Ги именува авторите на главните теории за преценување на наследните и социјалните фактори;<br>- помага учениците полесно да ги сфатат мотивите и условите во кои настанале овие теории; | - Историја, филозофија, психологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ја разбира условеноста (класна и идеолошка) на преценувањето на факторите за развој на личноста;<br>- да умее да ги анализира и објасни педагошките последици од едностраното толкување на факторите;<br>- да знае да ги именува и објасни различните теории кои ги објаснуваат факторите за развој на личноста;<br>- да дискутира за последиците од овие сфаќања вз општиот развој на личноста;<br>- одредени ставови во овие теории да знае да ги аспектира и да ги препознае во уверувањата и предрасудите на луѓето во денешно време. | - ги објаснува педагошките последици од пренагласувањето на наследните и социјалните фактори;<br>- иницира и организира сценска работилница во која се некои од ставовите во наведените теории се препознаваат во обичаите, адетите и уверувањата во современиот лаички свет. | |
| - Определување на решавачките фактори во развитокот на личноста;<br><br>- Наследство;<br><br>- Општествена средина; | | - Да ја анализира улогата на секој поединечен фактор кој влијае врз развојот на личноста, врз основа на современите научни педагошки толкувања;<br>- сите фактори да ги толкува со холистички пристап во објаснувањето;<br>- да умее да ги процени ефектите од севкупното влијание на факторите; | - Ги објаснува современите гледања за факторите кои влијаат врз развојот на личноста;<br>- ја анализира и им помага на учениците да ја разберат комплексноста на влијанието на секој фактор и сите фактори заедно;<br>- поттикнува дискусија меѓу учениците;<br>- бара примери од искуствата на учениците;<br>- организира сесија со бура на идеи;<br>- изработува чек листа за оценување на идеи. | - Филозофија (етика), биологија, историја;<br>- примери од секојдневниот живот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Воспитание;<br><br>- Активност на личноста<br>- Заемна поврзаност и условеност на решавачките фактори | | - да има позитивен став кон современите толкувања на влијанието на факторите врз развојот на личноста;<br>- да го препознава влијанието на одделни фактори врз развојот на сопствената личност;<br>- да воочува примери на несоодветно влијание на факторите врз развојот на личности од неговата средина. | | |
| **4. Воспитаник и воспитувач**<br><br>- Поим за воспитаник<br>- Основни карактеристики на развојот на учениците<br>- Воспитаникот како објект и субјект | 6 | - Да ја разбира сопствената педагошка позиција и улога на воспитаник во воспитно-образовниот процес од аспект на личните права и одговорности;<br>- да дава примери од лично искуство и училишниот живот;<br>- да ги воочува етапите на сопствениот развој;<br>- да ја препознава актуелната етапа од својот развој;<br>- да умее да објасни некои манифестации на промени кај себе и кај своите соученици;<br>- да има позитивен став и мислење кон промените на својата личност;<br>- ги воочува и почитува разликите меѓу своите врсници. | - Објаснува;<br>- поттикнува дискусија;<br>- актуелизира комуникациски проблеми на релација деца-родители или ученици-возрасни;<br>- иницира изработка на есеј на тема: "Јас како ученик" или "Се сеќавам на . . . . ."<br>- бара изработка на автосторија на тема: "Сега мислам поинаку". | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Поим за воспитувач;<br>- Воспитувачкиот и наставничкиот позив; | | - Да ја разбира професионалната улога на своите наставници-воспитувачи;<br>- да ја објаснува големата општествена одговорност на наставниците;<br>- да негува позитивно и афирмативно мислење и став кон наставничкиот позив;<br>- да комуницира со своите наставници отворено, чесно и искрено. | - Објаснува;<br>- раскажува лични искуства и доживувања;<br>- организира работилница: Дијалогот и разбирањето како вредност;<br>- заедно со учениците изработува скала на посакувани вредности и особини кај наставникот;<br>- презентира примери од лични искуства во текот на своето школување. | - Филозофија (етика), социологија;<br>- лични доживувања и самоанализи. |
| **5. Семејно воспитание**<br><br>- Семејството како основен и незаменлив фактор;<br>- основни услови во семејството за позитивен развој на децата;<br>- соработката на семејството со другите воспитни фактори. | 5 | - Да го сфаќа значењето и вредностите на семејството како воспитен фактор;<br>- да воочува причинско-последични врски меѓу воспитната запуштеност и отсуството на семејното воспитание;<br>- да ги цени и почитува вредностите на семејните традиции во сопственото семејство;<br>- да ги разбира мотивите за одговорно родителство;<br>- да ги разбира потребите на децата во семејниот круг;<br>- да ги подржува и учествува во сите форми на соработка меѓу семејството и училиштето. | - Објаснува;<br>- презентира примери, прикажува студии на случаи;<br>- поттикнува дискусии и дебати;<br>- организира работилници: "Јас и моето семејство";<br>- бара изработка на есеј на тема: Како ги надминувам конфликтите во моето семејство? | - Социологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6. Училишен систем**<br><br>- Поим;<br>- карактеристики на училишниот систем;<br><br>- структура на училишниот систем;<br>- предучилишно воспитание;<br>- основно воспитание и образование;<br>- средно и високо образование | 5 | - Да го сфаќа карактерот на воспитанието како дејност во рамките на институциите на системот;<br>- да може да ги препознае и да ги именува степените и видовите училишни институции во рамките на системот;<br>- да ја разбира улогата и значењето на секој степен и вид на воспитание;<br>- да може да го дефинира и да го лоцира сопственото училиште во системот на воспитание;<br>- да ги следи и анализира промените во законската регулатива од областа на воспитанието | - Објаснува и опишува;<br>- изработува илистративен материјал со приказ на структурата на образовниот систем во РМ;<br>- прави споредби со системи од други земји;<br>- поттикнува дискусија;<br>- ги запознава учениците со новите одредби во средното образование (приватни училишта и услови за нивно отворање). | - Филозофија, социологија, историја<br>- лични искуства од секојдневниот живот; |
| **7. Комуникација**<br><br>- Што е комуникација?<br>- Како комуницира човекот? | 7 | - Да умее да го објасни значењето на комуникацијата меѓу луѓето;<br>- да воспоставува комуникација со врсниците и возрасните;<br>- да ги воочува обележјата на добрата комуникација;<br>- да ја разбира комуникацијата меѓу луѓето од различни култури, професии и традиции. | - Иницира и бара од учениците повеќе ситуации со различен начин на комуникација;<br>- презентира куси инсерти на комуникација: пред шалтер, во болница, во институција, со врсниците;<br>- презентира фрагменти на од комуникација меѓу луѓето во различен период преку анализа на дијалози од античкиот и средновековниот период; | Лични искуства на учениците. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Видови комуникација:<br><br>- Вербална;<br>- Невербална;<br>- Симболичка | | - Да умее правилно да се обраќа и користи разбирлив речник;<br>- да го знае значењето на секој искажан збор;<br>- да говори одмерено и да ја избегнува употребата на странски изрази;<br>- да го разбира значењето на зборови и изрази од локалниот народен говор;<br>- да употребува прифатливи гестови и мимики;<br>- да се труди да комуницира со користење на недвосмислени зборови и изрази;<br>- да ја прилагодува и насочува комуникацијата за да може неговиот соговорник да го разбере;<br>- да учествува активно во пишувањето и реализацијата на симулирано интервју (за прием на работа). | - ги наведува учениците на компарација во комуникацијата меѓу луѓето тогаш и денес.<br><br>- Дава примери на несоодветна комуникација;<br>- симулира ситуации на отсуство на комуникација;<br>- симулира ситуации на несоодветна вербална комуникација;<br>- организира проблем-ситуации: говорот на телото;<br>- бара демонстрација и анализа на гестови и мимики како вид на невербална комуникација (Симулација Зад стакло);<br>- презентира примери на невербална комуникација кај различни народи и заедници;<br>- изработува листа од симболи и знаци кои означуваат комуникација во транспортот, урбаните средини, видео-спотовите, рекламниот материјал, лого симболи, картографски знаци и сл.<br>Бара изработка на есеј: Како (не) се рабравме?<br>- организира групна работа со аналитичко-набљудувачки задачи: во аптека, на пазар, на улица, во училишниот двор. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Комуникација по пат на писмо (писмена комуникација) | | - Да умее да го прилагоди сопствениот стил на пишување условен од намената и функцијата на писменото обраќање | - бара од учениците да ги анализираат изработените есеи на тема: Јас сум . . . .<br>- организира симулација на конкурс за вработување и подготовка на пишувано документи;<br>- организира симулација: "Барам да ми се..."<br>- бара од учениците да изработат сопствена биографија (CV) и го објаснува значењето. | |
| **8. Современи принципи на воспитанието**<br><br>- Воспитание за мир<br>- Воспитание за прифаќање и разбирање на разликите меѓу луѓето<br>- Воспитание за чиста средина<br>- Интеркултурно и мултикултурно воспитание<br>- Воспитание меѓу половите | 7 | - Да ја разбира вредноста на мирот и можностите за развој и напредок во услови на мир;<br>- да ги објаснува и опишува причините и последиците од војната;<br>- да воочува разлики меѓу своите врсници ;<br>- да го почитува туѓото (различно) мислење и став;<br>- да се обидува да гради аргументација за своите ставови;<br>- да ја разбира разликата меѓу спротивставување на ставови и непријателство кон личностите;<br>- да гради односи на толеранција и разбирање; | - Иницира и организира следење на филмско остварување со воена тематика;<br>- бара од учениците да го анализираат филмот и да го објаснат своето разбирање на дејството, содржината и пораката;<br>- организира дебатна дискусија на тема: Зошто сум за мир?<br>- создава клима на разбирање на различни аргументи; | - Социологија, биологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да учествува активно во сите акции и манифестации за одржување чиста средина;<br>- да се грижи за средината во која живее и учи;<br>- да соработува со компетентни лица и институции во случаите на загрозување на средината;<br><br>- да се интересира за културата и традициите на сопствениот народ и на заедниците кои живеат во неговата средина;<br>- да го почитува јазикот, обичаите и традициите на другите;<br>- да се дружи и воспоставува пријателства со припадници на други етнички заедници;<br>- да почитува традиции и обичаи на припадници на други верски заедници;<br><br>- да ги разбира и објаснува промените и потребите на сопственото тело;<br>- да негува почит кон припадниците на другиот пол;<br>- да знае да се заштити од несакана бременост и полови болести;<br>- да развива свест за последиците од своите сексуални определби. | - Иницира изработка на есеј на тема: Природата обвинува; Цивилизација, човек, природа;<br>- иницира и организира ѕиден весник со прилози на тема: Ние сме за чиста средина;<br>- организира Еко-патроли во училиштето и населеното место;<br><br>- организира работилниза на тема: што знам за другите; Етнокултурата и јазикот и сл.<br>- организира дебата меѓу ученици од други етнички заедници;<br>- организира работилница на тема: Ликовното творештво во етнокултурата;<br>- поттикнува активности на фолклорни секции и посети на училишта;<br><br>- организира популарно предавање и работилница на тема: Полови сличности и разлики; Симпатија, дружење, љубов; Како да изберам партнер; Секс и заштита од бременост; Сида и други полови заболувања и болести. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **9. Педагогија на слободното време**<br><br>Слободното време како економска, социјална и воспитна категорија<br><br>Содржина и осмислување на слободното време<br><br>Слободни ученички активности<br><br>Младите и слободното време | 5 | - Да го разбира значењето на слободното време;<br>- да прави план на сопствените активности;<br>- да умее да ги идентификува сопствените потреби, интереси и афинитети;<br>- да умее да ги усогласи обврските и потребите за дружење;<br>- да наоѓа содржини кои се вредни и целисходни за развојот на личноста;<br>- да одбегнува ситуации кои се ризични за неговиот живот и здравје;<br>- да умее да избере друштво кое одговара на неговите потреби за дружење;<br>- да ги знае опасностите и последиците на современите пороци кои го загрозуваат неговото здравје;<br>- да го користи своето слободно време како време за одмор, дружење, рекреација и спортски активности;<br>- да избегнува ситуации и дружење со лица подложни на пороци (алцохол, пушење, наркотични средства и сл.). | - Бара од учениците да изработат дневник на активности во текот на еден месец;<br>- заедно со учениците ги анализира дневниците (без назнака на името) и ги издвојува моментите кои означуваат добро испланирано време и време кое се користи без однапред испланиран тек и содржини;<br>- спроведува чек листа на најзачестени активности, локации и траење на слободното време;<br>- организира групни посети на изложби, концерти, театарски и кино претстави и врши анализа на нивните вредности;<br>- прави анкета меѓу учениците на прочитани книги;<br>- бара од учениците да изработат есеј за МИРЦ средби и разговори на интернет со интересни личности;<br>- ги поучува учениците за моделите на однесување со непознати луѓе, анализира статии од дневниот печат за убави примери и ангажирања на младите, како и прилози од црна хроника;<br>- изработува социограм на класот со критериумска активност: Со кого се дружам во слободното време? | - Социологија, филозофија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - критички интонира примери на лошо и неприфатливо однесување и користење на слободното време на младите;<br>- ги поттикнува учениците на негување и развивање на сопствено хоби и ги охрабрува;<br>- осмислува интересни и привлечни активности за младите по наставата. | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Предвидените цели во рамките на оваа наставна програма можат да се остварат со примена на методи кои обезбедуваат активна позиција на учениците: дискусии, дебати, групна работа, индивидуално ангажирање и изработка на практични трудови и симулирање на ситуации.

Наставникот може да користи и елементи на традиционалните модели и методи на работа: предавање (објаснување, опишување, споредување, толкување, прераскажување и раскажување), работа со текст и илустративно-демонстративни методи. Методите на работа на наставникот треба да поттикнуваат креативно мислење кај учениците, анализа на личното искуство и користење повеќе различни видови извори на знаење.

Активности на ученикот: слуша, чита, набљудува, објаснува, забележува, реагира, бележи, споредува, подредува, анализира, поврзува, разликува, воопштува, дискутира, прашува, зазема став, аргументира, проценува, донесува заклучок.

Активности на наставникот: планира, организира, иницира активности, обезбедува и подготвува материјали, посети и престои на учениците, објаснува, насочува, дискутира, упатува, следи и ја анализира и вреднува сопствената работа и работата на учениците.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставниот предмет педагогија е застапен со 2 (два) часа седмично. Вкупниот фонд на часови може да се искористи за настава од традиционален тип, но и за организирање на работилници, посети и престои на учениците во воспитно-образовни институции.

## 4.4. Наставни средства и помагала

Успешна реализација на наставата по педагогија е условена, покрај другото, и со осмислена технолошка поддршка на наставниот процес. Наставникот треба да користи средства на образовната технологија кои ќе обезбедат динамична и интересна настава: графоскоп, видеопроектор, компјутер, фотокопир, камера, скици, шеми, фотографии и сл.

Со некои од овие средства пожелно е да се служат и учениците.

Учениците треба да користат учебник кој соодветствува на наставната програма.

# 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Наставникот може да користи повеќе техники: усна презентација, изработка на есеј, фокусирано набљудување и сл.

Наставникот треба да ги запознае учениците со стандардите, постапките и методите, критериумите за оценување. Неопходно е воведување и практикување на самовреднување и заемно оценување на учениците.

На крајот на секое полугодие ученикот треба да биде оценет со најмалку две сумативни оценки.

# 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ И НА ПРОГРАМАТА

## 6. 1. Основни карактеристики на наставникот

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование наставникот треба да поседува квалитетни стручни знаења од предметот Педагогија. Неопходна е континуирана актуелизација на програмските содржини и нивно поврзување со настани од секојдневниот живот на учениците. За предметот Педагогија од особено значење е ученикот да ги осознава содржините преку анализа на сопствените искуства во училиштето.

Од професионалните компетенции на наставникот произлегува потребата од создавање ведра атмосфера на работа, градење на доверба и отвореност за дискусија.

## 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот педагогија ја реализира дипломиран педагог со завршени студии по педагогија.

## 6. 3. Стандард за простор и опрема

Наставата се реализира во кабинет. Истиот треба да биде опремен со наставни средства и помагала кои наставникот ги предвидел за успешно одвивање на наставата.

# 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМАТА

7.1. **Датум на изработка:** мај 2003 година

7.2. **Состав на работната група:**

- Д-р Снежана Адамческа, редовен професор на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје
- Бојана Нацева, советник во Бирото за развој на образованието, Скопје
- Марица Миладиновиќ, училишен педагог во Гимназијата "Јосип Броз Тито" во Скопје

# 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2003 година

# 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за социологија како изборен предмет ја одобри (донесе): ______________________________

______________________________ со решение бр. __________________ од ________________ година.